МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број:11- 4559/2
Датум: 07.06.2022
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Во врска со Вашето барање доставено до Општина Карпош за изведување на приклучок на водоводна мрежа и фекална канализација за објект на ул.“Ванчо Мицков“ бр.49 , Ве известуваме за следното:

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 06.05.2022 година изврши увид на лице место на ул.“ Ванчо Мицков“ бр.49 по барање на Владо Јадровски со седиште на ул.“Ванчо Мицков” бр.49 , Скопје за изведба на приклучок на водоводна мрежа и фекална канализација.

Постапувајки по Вашето барање, од извршениот увид на лице место и врз основа на приложеното решение бр.31532 за времен фекален приклучок и решение бр.31530 за времен водоводен приклучок издадени од ЈП Водовод и канализација, констатирано е дека постојат технички услови за изведување на бараните приклучоци.

Имено според утврденото техничко решение приклучувањето треба да се изврши на улична фекална канализациона мрежа (Ф=250 мм) со профил на фекален приклучок Ф=200 мм во должина од 2,5м .

Имено според утврденото техничко решение приклучувањето треба да се изврши на улична водоводна мрежа (Ф=90 мм) со профил на водоводен приклучок од цевки Ф 6/4 во должина од 2,5м.

За горе наведените приклучоци по решенијата за приклучок предвидени се да се изведат ископите на ровот со попречен прекоп на асфалтна подлога(2,5м) на ул.“Ванчо Мицков “ .

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката бр.09-3199/8 од 20.04.2022 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за попречен прекоп на асфалтна подлога да уплати износ од 8.850,00 денари со вклучено ДДВ.

Инвеститорот се задолжува да обезбеди непречено и безбедно одвивање на сообраќајот и пешаците со сите потребни означувања,а прекопот да го врати во првобитна состојба. Подлогата по положување на цевките да се врати во првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот да се транспортира до депонија,да се постави ситен песок околу цевките, останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви и завршно прекопот на улицата да се асфалтира со АБ 11 д=5см.

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на новата фекална инсталација и водоводна мрежа, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Тома Мандилоски

Љубомир Тодевски